# Извештај на независниот ревизор

**Грант Торнтон ДОО**
Св. Кирил и Методиј 52б-1/20
1000 Скопје
Северна Македонија
**Т** +389 (0)2 3214 700
**Ф** +389 (0)2 3214 710
**E** Contact@mk.gt.com
Даночен број: 4030003475973

До акционерите на
Евроинс Осигурување АД Скопје

## Извештај за ревизијата на финансиските извештаи

*Мислење*

Ние извршивме ревизија на финансиските извештаи на Евроинс Осигурување АД Скопје (во понатамошниот текст „Друштвото“), коишто го вклучуваат Извештајот за финансиската состојба (Биланс на состојба) на ден 31 декември 2025 година и Извештајот за сеопфатната добивка (Биланс на успех), Извештајот за промените во капиталот и Извештајот за паричните текови за годината којашто завршува тогаш и белешките кон финансиските извештаи, вклучувајќи и информации за материјалните сметководствени политики.

Според нашето мислење, придружните финансиски извештаи објективно ја презентираат, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Друштвото на ден 31 декември 2025 година, како и резултатите од работењето и паричните текови за годината којашто завршува тогаш, во согласност со регулативата на Агенцијата за супервизија на осигурување на Република Северна Македонија.

*Основа за мислење*

Ние ја спроведовме нашата ревизија во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија (МСР)[1]. Нашите одговорности според наведените стандарди се опишани во делот Одговорност на ревизорот за ревизијата на финансиските извештаи од овој извештај. Ние сме независни од Друштвото во согласност со етичките барања кои се релевантни за нашата ревизија на финансиските извештаи во Република Северна Македонија и ги исполнивме сите останати етички одговорности во согласност со овие барања.

Веруваме дека ревизорските докази што ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето мислење.

*Други информации*

Раководството е одговорно за другите информации. Другите информации се состојат од годишниот извештај за работата и годишната сметка изготвени од раководството во согласност со Законот за трговските друштва, но не ги вклучуваат финансиските извештаи и нашиот ревизорски извештај. Нашето мислење за финансиските извештаи не се однесува на останатите информации и ние не изразуваме каква било форма на уверување за нив, освен и во обем кој е експлицитно наведен во Извештајот за други правни и регулаторни барања.

Во врска со нашата ревизија на финансиските извештаи, наша одговорност е да ги прочитаме останатите информации и притоа да разгледаме дали останатите информации се материјално неконзистентни со финансиските извештаи или нашето знаење прибавено во ревизијата или поинаку произлегува дека се материјално погрешно прикажани. Ако, врз основа на нашата извршена работа, ние заклучиме дека постои материјално погрешно прикажување на овие останати информации, ние треба да известиме за овој факт. Ние немаме ништо да известиме во однос на ова прашање.

[1] Меѓународни стандарди за ревизија („МСР”) преведени и објавени во Службен весник на Република Македонија број 273 од 2024 година, кои стапија на сила на 01 јануари 2025 година.

Грант Торнтон ДОО е фирма членка на Grant Thornton International Ltd (GTIL). GTIL и фирмите членки не се во партнерство на светско ниво. GTIL и секоја фирма членка на GTIL претставува посебен правен субјект. Услугите се обезбедуваат од страна на самите фирми членки. GTIL не обезбедува услуги на клиентите. GTIL и нејзините фирми членки не се агенти на, и не се обврзани едни кон други и не се одговорни за делата или пропустите на други фирми членки.

grantthornton.mk

*Одговорност на раководството и оние кои се задолжени за управувањето за финансиските извештаи*

Раководството е одговорно за подготвување и објективното презентирање на финансиските извештаи во согласност со регулативата на Агенцијата за супервизија на осигурување на Република Северна Македонија и за таква внатрешна контрола каква што раководството утврдува дека е неопходна за да се овозможи подготовка на финансиски извештаи коишто се ослободени од материјално погрешно прикажување, било да е резултат на измама или грешка.

При подготвувањето на финансиските извештаи, раководството е одговорно за проценка на способноста на Друштвото да продолжи под претпоставката за континуитет, обелоденувајќи, кога е применливо, прашања поврзани со континуитетот и користење на сметководствената основа на континуитет, освен ако раководството или има намера да го ликвидира Друштвото или да го прекине работењето, или нема друга реална алтернатива освен да го стори тоа.

Оние кои се задолжени за управувањето се одговорни за надгледување на процесот на финансиското известување на Друштвото.

*Одговорност на ревизорот за ревизијата на финансиски извештаи*

Нашите цели се да стекнеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи како целина се ослободени од материјално погрешно прикажување, било како резултат на измама или грешка, и да издадеме ревизорски извештај кој го вклучува нашето мислење. Разумното уверување е високо ниво на уверување, но не е гаранција дека ревизијата спроведена во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија секогаш ќе открие материјално погрешно прикажување кога тоа постои. Погрешните прикажувања може да произлезат како резултат на измама или грешка и се смета дека се материјални ако, поединечно или во вкупен износ, од нив може разумно да се очекува да влијаат на економските одлуки на корисниците донесени врз основа на овие финансиски извештаи.

Како дел од ревизијата во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија, применуваме професионално расудување и одржуваме професионален скептицизам во текот на ревизијата. Исто така:

- Ги идентификуваме и проценуваме ризиците од материјално погрешно прикажување во финансиските извештаи, без разлика дали се резултат на измама или грешка, дизајнираме и извршуваме ревизорски процедури кои одговараат на тие ризици и прибавуваме ревизорски докази кои се доволни и соодветни да обезбедиме основа за нашето ревизорско мислење. Ризикот од неоткривање на материјално погрешно прикажување како резултат на измама е повисок од ризикот како резултат на грешка, поради тоа што измамата може да вклучи заговор, фалсификување, намерни пропусти, лажни прикажувања или заобиколување на внатрешните контроли.
- Стекнуваме разбирање за внатрешните контроли кои се значајни за ревизијата со цел да дизајнираме ревизорски процедури соодветни на околностите, но не и со цел за изразување мислење за ефективноста на внатрешната контрола на Друштвото.
- Ја оценуваме соодветноста на користените сметководствени политики и разумноста на сметководствените процени и поврзаните обелоденувања направени од страна на раководството.
- Донесуваме заклучок за соодветноста на примената на претпоставката за континуитет како сметководствена основа од страна на раководството, и врз основа на прибавените ревизорски докази дали постои материјална неизвесност поврзана со настани или услови кои можат да предизвикаат значителен сомнеж во можноста на Друштвото да продолжи да работи под претпоставката на континуитет. Доколку заклучиме дека постои материјална неизвесност, тогаш е потребно да обрнеме внимание во нашиот ревизорски извештај на поврзаните обелоденувања во финансиските извештаи или доколку таквите обелоденувања се несоодветни, да го модификуваме нашето мислење. Нашите заклучоци се засновани на ревизорските докази прибавени до датумот на нашето ревизорско мислење. Меѓутоа, идни настани или услови може да предизвикаат Друштвото да престане да работи според претпоставката на континуитет.
- Ја оценуваме севкупната презентација, структура и содржина на финансиските извештаи, вклучувајќи ги обелоденувањата и дали финансиските извештаи ги претставуваат основните трансакции и настани на начин кој постигнува објективна презентација.

Комуницираме со оние кои се задолжени за управувањето, меѓу другото, и за планираниот обем и временскиот распоред на ревизијата и за значајните наоди од ревизијата, вклучувајќи ги евентуалните значајни недостатоци во внатрешната контрола што ги идентификуваме во текот на ревизијата.

## Извештај за други правни и регулаторни барања

Како што е наведено во пасусот *Други информации*, Раководството на Друштвото е одговорно за изготвување на годишниот извештај за работењето на Евроинс Осигурување АД Скопје за 2025 година во согласност со член 384 од Законот за трговски друштва. Наша одговорност е да изразиме мислење за конзистентноста на годишниот извештај, со историските финансиски податоци објавени во годишната сметка и ревидираните финансиски извештаи на Друштвото со состојба на и за годината која завршува на 31 декември 2025, во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија, како и во согласност со барањата на член 34, став 1, точка (д) од Законот за Ревизија.

Наше мислење е дека, историските финансиски податоци објавени во Годишниот извештај за работењето на Друштвото со состојба на и за годината што завршува на 31 декември 2025, се конзистентни, во сите материјални аспекти, со податоците објавени во годишната сметка и ревидираните финансиски извештаи на Друштвото со состојба на и за годината која завршува на 31 декември 2025.

Сузана Ставриќ
Управител
Грант Торнтон ДОО, Скопје

Скопје, 27 март 2026 година

Друштво за ревизија ГРАНТ ТОРНТОН ДОО Скопје

Сузана Ставриќ
Овластен ревизор

| ИЗВЕШТАЈ ЗА СЕОПФАТНА ДОБИВКА (БИЛАНС НА УСПЕХ) | Бел. | 2025 | 2024 |
|---|---|---|---|
| **А. ПРИХОДИ ОД РАБОТЕЊЕТО** | | **827,567,007** | **1,037,192,747** |
| **I. ЗАРАБОТЕНА ПРЕМИЈА (НЕТО ПРИХОДИ ОД ПРЕМИЈА)** | **4** | **692,200,014** | **833,574,531** |
| 1. Бруто полисирана премија за осигурување | | 758,270,511 | 890,980,548 |
| 2. Бруто полисирана премија за соосигурување | | - | - |
| 3. Бруто полисирана премија за реосигурување/ретроцесија | | - | - |
| 4. Бруто полисирана премија предадена во соосигурување | | - | - |
| 5. Бруто полисирана премија предадена во реосигурување/ ретроцесија | | 95,954,970 | 72,070,258 |
| 6. Промена во бруто резервата за преносна премија | | (14,496,222) | (5,741,981) |
| 7. Промена во бруто резервата за преносна премија - дел за соосигурување | | - | - |
| 8. Промена во бруто резервата за преносна премија - дел за реосигурување | | 15,388,251 | 8,922,260 |
| **II. ПРИХОДИ ОД ВЛОЖУВАЊА** | **5** | **87,147,127** | **118,808,136** |
| 1. Приходи од подружници, придружени друштва и заеднички контролирани ентитети | | - | - |
| 2. Приходи од вложувања во земјиште и градежни објекти | | - | - |
| 2.1 Приходи од наемнини | | - | - |
| 2.2 Приходи од зголемување на вредноста на земјиште и градежни објекти | | - | - |
| 2.3 Приходи од продажба на земјиште и градежни објекти | | - | - |
| 3. Приходи од камати | | 27,481,779 | 21,416,720 |
| 4. Позитивни курсни разлики | | 1,480,646 | 758,467 |
| 5. Вредносно усогласување (нереализирани добивки, сведување на објективна вредност) | | 55,633,217 | 94,439,675 |
| 6. Реализирани добивки од продажба на финансиски имот - капитална добивка | | 15,213 | 43,005 |
| 6.1 Финансиски вложувања расположливи за продажба | | - | - |
| 6.2 Финансиски вложувања за тргување (по објективна вредност) | | 15,213 | 43,005 |
| 6.3 Останати финансиски вложувања | | - | - |
| 7. Останати приходи од вложувања | | 2,536,272 | 2,150,269 |
| **III. ПРИХОДИ ПО ОСНОВ НА ПРОВИЗИИ ОД РЕОСИГУРУВАЊЕ** | **6.1** | **29,911,360** | **25,094,821** |
| **IV. ОСТАНАТИ ОСИГУРИТЕЛНО ТЕХНИЧКИ ПРИХОДИ, НАМАЛЕНИ ЗА РЕОСИГУРУВАЊЕ** | **6.2** | **12,699,924** | **57,902,867** |
| **V. ОСТАНАТИ ПРИХОДИ** | **7** | **5,608,582** | **1,812,392** |
| **Б. РАСХОДИ ОД РАБОТЕЊЕТО** | | 661,677,196 | 943,642,887 |
| **I. НАСТАНАТИ ШТЕТИ (НЕТО ТРОШОЦИ ЗА ШТЕТИ)** | **8** | **208,271,526** | **283,695,543** |
| 1. Бруто исплатени штети | | 236,186,666 | 284,519,320 |
| 2. Намалување за приходот од бруто реализирани регресни побарувања | | 9,442,920 | 6,850,814 |
| 3. Бруто исплатени штети – дел за соосигурување | | - | - |
| 4. Бруто исплатени штети – дел за реосигурување/ретроцесија | | 7,065,526 | 7,247,280 |
| 5. Промени во бруто резервите за штети | | (11,599,308) | 11,642,503 |
| 6. Промени во бруто резервите за штети – дел за соосигурување | | - | - |
| 7. Промени во бруто резервите за штети – дел за реосигурување | | (192,614) | (1,631,814) |
| **II. ПРОМЕНИ ВО ОСТАНАТИТЕ ТЕХНИЧКИ РЕЗЕРВИ, НЕТО ОД РЕОСИГУРУВАЊЕ** | | **21,956,829** | **(551,948)** |
| **1. Промени во математичката резерва, нето од реосигурување** | | - | - |
| 1.1 Промени во бруто математичката резерва | | - | - |
| 1.2 Промени во бруто математичката резерва - дел за соосигурување/реосигурување | | - | - |
| **2. Промени во еквилизационата резерва, нето од реосигурување** | | - | - |
| 2.1. Промени во бруто еквилизационата резерва | | - | - |
| 2.2 Промени во бруто еквилизационата резерва - дел за соосигурување/реосигурување | | - | - |

| **ИЗВЕШТАЈ ЗА СЕОПФАТНА ДОБИВКА (БИЛАНС НА УСПЕХ) (продолжува)** | **Бел.** | **2025** | **2024** |
|---|---|---|---|
| **3. Промени во останатите технички резерви, нето од реосигурување** | **9** | **21,956,829** | **(551,948)** |
| 3.1 Промени во останатите бруто технички резерви | | 21,956,829 | (551,948) |
| 3.2 Промени во останатите бруто технички резерви – дел за соосигурување и реосигурување | | - | - |
| **III. ПРОМЕНИ ВО БРУТО МАТЕМАТИЧКАТА РЕЗЕРВА ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ЖИВОТ КАДЕ ИНВЕСТИЦИОНИОТ РИЗИК Е НА ТОВАР НА ОСИГУРЕНИКОТ, НЕТО ОД РЕОСИГУРУВАЊЕ** | | - | - |
| 1. Промени во бруто математичката резерва за осигурување на живот каде инвестициониот ризик е на товар на осигуреникот | | - | - |
| 2. Промени во бруто математичката резерва за осигурување на живот каде инвестициониот ризик е на товар на осигуреникот – дел за соосигурување и реосигурување | | - | - |
| **IV. ТРОШОЦИ ЗА БОНУСИ И ПОПУСТИ, НЕТО ОД РЕОСИГУРУВАЊЕ** | **10** | **2,094,064** | **2,365,240** |
| 1. Трошоци за бонуси (кои зависат од резултатот) | | 1,549,856 | 2,365,240 |
| 2. Трошоци за попусти (кои не зависат од резултатот) | | 544,208 | - |
| **V. НЕТО ТРОШОЦИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ОСИГУРУВАЊЕТО** | **11** | **350,537,316** | **375,838,286** |
| **1. Трошоци за стекнување** | **11.1** | **223,701,810** | **271,971,775** |
| 1.1 Провизија | | 175,939,526 | 163,375,019 |
| 1.2 Бруто плати за вработените во внатрешната продажна мрежа | | 36,245,068 | 31,925,404 |
| 1.3 Останати трошоци за стекнување | | - | 76,195,683 |
| 1.4 Промена во одложените трошоци за стекнување (+/-) | | 11,517,216 | 475,669 |
| **2. Административни трошоци** | **11.2** | **126,835,506** | **103,866,511** |
| 2.1 Амортизација на материјални средства кои служат за вршење на дејноста | | 10,422,885 | 1,570,510 |
| 2.2 Трошоци за вработените | | 42,520,086 | 40,579,361 |
| 2.2.1 Плати и надомести | | 26,086,371 | 24,986,302 |
| 2.2.2 Трошоци за даноци на плати и надомести на плата | | 2,407,666 | 2,320,863 |
| 2.2.3 Придонеси од задолжително социјално осигурување | | 11,081,015 | 10,619,453 |
| 2.2.4 Трошоци за дополнително пензиско осигурување на вработени | | - | - |
| 2.2.5 Останати трошоци за вработени | | 2,945,034 | 2,652,743 |
| 2.3 Трошоци за услуги на физички лица кои не вршат дејност (договори за работа, авторски договори и други правни односи) заедно со сите давачки | | - | - |
| 2.4 Останати административни трошоци | | 73,892,535 | 61,716,640 |
| 2.4.1 Трошоци за услуги | | 40,727,636 | 38,997,685 |
| 2.4.2 Материјални трошоци | | 11,347,979 | 10,471,448 |
| 2.4.3 Трошоци за резервирање и останати трошоци од работење | | 21,816,920 | 12,247,507 |
| **VI. ТРОШОЦИ ОД ВЛОЖУВАЊА** | **12** | **29,568,656** | **30,576,919** |
| **1. Амортизација и вредносно усогласување на материјални средства кои не служат за вршење на дејноста** | | - | - |
| **2. Трошоци за камати** | | 1,569,917 | - |
| **3. Негативни курсни разлики** | | 1,574,397 | 790,986 |
| **4. Вредносно усогласување (нереализирани загуби, сведување на објективна вредност)** | | 24,868,006 | 19,581,952 |
| **5. Реализирани загуби од продажба на финансиски имот - капитална загуба** | | 558,190 | - |
| 5.1 Финансиски вложувања расположливи за продажба | | - | - |
| 5.2 Финансиски вложувања за тргување (по објективна вредност) | | 558,190 | - |
| 5.3 Останати финансиски вложувања | | - | - |
| **6. Останати трошоци од вложувања** | | 998,146 | 10,203,981 |
| **VII. ОСТАНАТИ ОСИГУРИТЕЛНО ТЕХНИЧКИ ТРОШОЦИ, НАМАЛЕНИ ЗА РЕОСИГУРУВАЊЕ** | **13** | **38,342,740** | **40,209,936** |
| 1. Трошоци за превентива | | - | - |
| 2. Останати осигурително технички трошоци , намалени за реосигурување | | 38,342,740 | 40,209,936 |

| ИЗВЕШТАЈ ЗА СЕОПФАТНА ДОБИВКА (БИЛАНС НА УСПЕХ) (продолжува) | Бел. | 2025 | 2024 |
|---|---|---|---|
| VIII. ВРЕДНОСНО УСОГЛАСУВАЊЕ НА ПОБАРУВАЊАТА ПО ОСНОВ НА ПРЕМИЈА | 14 | 10,181,848 | 164,020,149 |
| IX. ОСТАНАТИ РАСХОДИ, ВКЛУЧУВАЈЌИ И ВРЕДНОСНИ УСОГЛАСУВАЊА | 15 | 724,217 | 47,488,762 |
| X. ДОБИВКА ЗА ДЕЛОВНАТА ГОДИНА ПРЕД ОДДАНОЧУВАЊЕ | | 165,889,811 | 93,549,860 |
| XI. ЗАГУБА ЗА ДЕЛОВНАТА ГОДИНА ПРЕД ОДДАНОЧУВАЊЕ | | - | - |
| XII. ДАНОК НА ДОБИВКА ОДНОСНО ЗАГУБА | 16 | 19,405,108 | 10,002,731 |
| XIII. ОДЛОЖЕН ДАНОК | | - | - |
| XIV. ДОБИВКА ЗА ДЕЛОВНАТА ГОДИНА ПО ОДДАНОЧУВАЊЕ | | 146,484,703 | 83,547,129 |
| XV. ЗАГУБА ЗА ДЕЛОВНАТА ГОДИНА ПО ОДДАНОЧУВАЊЕ | | - | - |
| | | | |
| Заработка по акција во денари | 27 | 19,274 | 10,993 |

Белешките вклучени од 16 до 77 страна претставуваат составен дел на финансиските извештаи.

Приложените финансиски извештаи се одобрени за издавање од страна на раководството на Друштвото на 16.03.2026 година

Ралица Губерова
Извршен директор

Биљана Стаменкова Калејска
ВД Директор на Сектор за сметководствено-финансиски работи

**ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ**
**за годината која завршува на 31 декември 2025**
**Во денари (МКД)**

| **ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКА СОСТОЈБА (БИЛАНС НА СОСТОЈБА)** | **Бел.** | **31.12.2025** | **31.12.2024** |
|---|---|---|---|
| | | | |
| **АКТИВА** | | | |
| **А. НЕМАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА** | **17** | **9,038,866** | **7,408,445** |
| 1. Гудвил | | - | - |
| 2. Останати нематеријални средства | | 9,038,866 | 7,408,445 |
| **Б. ВЛОЖУВАЊА** | | **1,181,079,138** | **1,122,357,577** |
| **I. ЗЕМЈИШТЕ, ГРАДЕЖНИ ОБЈЕКТИ И ОСТАНАТИ МАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА** | | - | **-** |
| 1. Земјиште и градежни објекти кои служат за вршење на дејноста | | - | - |
| 1.1 Земјиште | | - | - |
| 1.2 Градежни објекти | | - | - |
| 2. Земјиште, градежни објекти и останати средства кои не служат за вршење на дејноста | | - | - |
| 2.1 Земјиште | | - | - |
| 2.2 Градежни објекти | | - | - |
| 2.3 Останати материјални средства | | - | - |
| **II.ФИНАНСИСКИ ВЛОЖУВАЊА ВО ДРУШТВА ВО ГРУПА - ПОДРУЖНИЦИ, ПРИДРУЖЕНИ ДРУШТВА И ЗАЕДНИЧКИ КОНТРОЛИРАНИ ЕНТИТЕТИ** | **19** | 12,434,095 | 14,631,566 |
| 1. Акции, удели и останати сопственички инструменти од вредност во друштва во група - подружници | | - | - |
| 2. Должнички хартии од вредност кои ги издале друштва во група - подружници и заеми на друштва во група - подружници | | - | - |
| 3. Акции, удели и останати сопственички инструменти во придружени друштва | | - | - |
| 4. Должнички хартии од вредност кои ги издале придружени друштва и заеми на придружени друштва | | - | - |
| 5. Останати финансиски вложувања во друштва во група - подружници | | - | - |
| 6. Останати финансиски вложувања во придружени друштва | | - | - |
| 7. Вложувања во заеднички контролирани ентитети | | 12,434,095 | 14,631,566 |
| **III. ОСТАНАТИ ФИНАНСИСКИ ВЛОЖУВАЊА** | **19** | **1,168,645,043** | **1,107,726,011** |
| **1. Финансиски вложувања кои се чуваат до достасување** | | 48,060,000 | 48,060,000 |
| 1.1 Должнички хартии од вредност со рок на достасување до една година | | - | - |
| 1.2 Должнички хартии од вредност со рок на достасување над една година | | 48,060,000 | 48,060,000 |
| **2. Финансиски вложувања расположливи за продажба** | | - | - |
| 2.1 Должнички хартии од вредност со рок на достасување до една година | | - | - |
| 2.2 Должнички хартии од вредност со рок на достасување над една година | | - | - |
| 2.3 Акции, удели и останати сопственички инструменти | | - | - |
| 2.4 Акции и удели во инвестициски фондови | | - | - |
| | | | |

**ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ**
**за годината која завршува на 31 декември 2025**
**Во денари (МКД)**

| ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКА СОСТОЈБА (БИЛАНС НА СОСТОЈБА) (продолжува) | Бел. | 31.12.2025 | 31.12.2024 |
|---|---|---|---|
| **3. Финансиски вложувања за тргување** | | 480,369,383 | 442,450,348 |
| 3.1 Должнички хартии од вредност со рок на достасување до една година | | - | - |
| 3.2 Должнички хартии од вредност со рок на достасување над една година | | - | - |
| 3.3 Акции, удели и останати сопственички инструменти | | 275,478,867 | 241,112,926 |
| 3.4 Акции и удели во инвестициски фондови | | 204,890,516 | 201,337,422 |
| **4. Депозити, заеми и останати пласмани** | | **640,215,660** | **617,215,663** |
| 4.1 Дадени депозити | | 640,215,660 | 617,215,663 |
| 4.2 Заеми обезбедени со хипотека | | - | - |
| 4.3 останати заеми | | - | - |
| 4.4 Останати пласмани | | - | - |
| **5. Деривативни финансиски инструменти** | | - | - |
| **IV. ДЕПОЗИТИ НА ДРУШТВА ЗА РЕОСИГУРУВАЊЕ КАЈ ЦЕДЕНТИ, ПО ОСНОВ НА ДОГОВОРИ ЗА РЕОСИГУРУВАЊЕ** | | - | - |
| **В. ДЕЛ ЗА СООСИГУРУВАЊЕ И РЕОСИГУРУВАЊЕ ВО БРУТО ТЕХНИЧКИТЕ РЕЗЕРВИ** | **23** | **62,725,936** | **47,530,299** |
| 1. Дел за соосигурување и реосигурување во бруто резервата за преносна премија | | 45,795,586 | 30,407,335 |
| 2. Дел за соосигурување и реосигурување во бруто математичката резерва | | - | - |
| 3. Дел за соосигурување и реосигурување во бруто резервите за штети | | 16,930,350 | 17,122,964 |
| 4. Дел за соосигурување и реосигурување во бруто резервите за бонуси и попусти | | - | - |
| 5. Дел за соосигурување и реосигурување во бруто еквилизационата резерва | | - | - |
| 6. Дел за соосигурување и реосигурување во бруто останатите технички резерви | | - | - |
| 7. Дел за соосигурување и реосигурување во бруто техничките резерви за осигурување на живот каде ризикот од вложувањето е на товар на осигуреникот | | - | - |
| **Г. ФИНАНСИСКИ ВЛОЖУВАЊА КАЈ КОИ ОСИГУРЕНИКОТ ГО ПРЕВЗЕМА ИНВЕСТИЦИСКИОТ РИЗИК (ДОГОВОРИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ)** | | - | - |
| **Д. ОДЛОЖЕНИ И ТЕКОВНИ ДАНОЧНИ СРЕДСТВА** | | **640,521** | **595,256** |
| 1. Одложени даночни средства | | - | - |
| 2. Тековни даночни средства | | 640,521 | 595,256 |
| **Ѓ. ПОБАРУВАЊА** | **20** | **220,924,679** | **201,057,739** |
| **I. ПОБАРУВАЊА ОД НЕПОСРЕДНИ РАБОТИ НА ОСИГУРУВАЊЕ** | | **197,360,811** | **179,144,362** |
| 1. Побарувања од осигуреници | | 154,192,321 | 97,897,565 |
| 2. Побарувања од посредници | | 43,168,490 | 81,246,797 |
| 3. Останати побарувања од непосредни работи на осигурување | | - | - |

**ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ**
**за годината која завршува на 31 декември 2025**
**Во денари (МКД)**

| **ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКА СОСТОЈБА (БИЛАНС НА СОСТОЈБА) (продолжува)** | **Бел.** | **31.12.2025** | **31.12.2024** |
|---|---|---|---|
| **II. ПОБАРУВАЊА ОД РАБОТИ НА СООСИГУРУВАЊЕ И РЕОСИГУРУВАЊЕ** | | **-** | **-** |
| 1. Побарувања по основ на премија за сооосигурување и реосигурување | | - | - |
| 2. Побарувања по основ на учество во надомест на штети од соосигурување и реосигурување | | - | - |
| 3. Останати побарувања од работи на соосигурување и реосигурување | | - | - |
| **III. ОСТАНАТИ ПОБАРУВАЊА** | | **23,563,868** | **21,913,377** |
| 1. Останати побарувања од непосредни работи на осигурување | | 5,789,785 | 5,440,715 |
| 2. Побарувања по основ на финансиски вложувања | | 15,305,335 | 14,488,367 |
| 3. Останати побарувања | | 2,468,748 | 1,984,295 |
| **IV. ПОБАРУВАЊА ПО ОСНОВ НА ЗАПИШАН А НЕУПЛАТЕН КАПИТАЛ** | | - | - |
| **Е. ОСТАНАТИ СРЕДСТВА** | | **64,786,827** | **41,568,931** |
| **I. МАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА КОИ СЛУЖАТ ЗА ВРШЕЊЕ НА ДЕЈНОСТА (ОСВЕН ЗЕМЈИШТЕ И ГРАДЕЖНИ ОБЈЕКТИ)** | **18** | **34,384,949** | **2,259,177** |
| 1. Опрема | | 13,071,337 | 2,259,177 |
| 2. Останати материјални средства | | 21,313,612 | - |
| **II. ПАРИЧНИ СРЕДСТВА И ОСТАНАТИ ПАРИЧНИ ЕКВИВАЛЕНТИ** | **21** | **30,401,878** | **39,309,754** |
| 1. Парични средства во банка | | 30,180,483 | 39,163,662 |
| 2. Парични средства во благајна | | 28,461 | 22,895 |
| 3. Издвоени парични средства за покривање на математичката резерва | | - | - |
| 4. Останати парични средства и парични еквиваленти | | 192,934 | 123,197 |
| **III. ЗАЛИХИ И СИТЕН ИНВЕНТАР** | | - | - |
| **Ж. АКТИВНИ ВРЕМЕНСКИ РАЗГРАНИЧУВАЊА** | **22** | **39,819,552** | **58,028,920** |
| 1. Претходно пресметани приходи по основ на камати и наемнини | | - | - |
| 2. Одложени трошоци на стекнување | | 45,482,632 | 56,999,848 |
| 3. Останати пресметани приходи и одложени трошоци | | -5,663,080 | 1,029,072 |
| **З. НЕТЕКОВНИ СРЕДСТВА КОИ СЕ ЧУВААТ ЗА ПРОДАЖБА И ПРЕКИНАТО РАБОТЕЊЕ** | | - | - |
| **Ѕ. ВКУПНА АКТИВА** | | **1,579,015,519** | **1,478,547,167** |
| **И. ВОН-БИЛАНСНА ЕВИДЕНЦИЈА - АКТИВА** | | 6,498,152 | 6,498,152 |
| **ПАСИВА** | | | |
| **А. КАПИТАЛ И РЕЗЕРВИ** | **27** | **542,099,369** | **503,962,580** |
| **I. ЗАПИШАН КАПИТАЛ** | | **238,122,931** | **238,122,931** |
| 1. Запишан капитал од обични акции | | 238,122,931 | 238,122,931 |
| 2. Запишан капитал од приоритетни акции | | - | - |
| 3. Запишан а неуплатен капитал | | - | - |
| **II. ПРЕМИИ ЗА ЕМИТИРАНИ АКЦИИ** | | 34,190,023 | 34,190,023 |

| ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКА СОСТОЈБА (БИЛАНС НА СОСТОЈБА) (продолжува) | Бел. | 31.12.2025 | 31.12.2024 |
|---|---|---|---|
| **III. РЕВАЛОРИЗАЦИОНА РЕЗЕРВА** | | **-** | **-** |
| 1. Материјални средства | | - | - |
| 2. Финансиски вложувања | | - | - |
| 3. Останати ревалоризациони резерви | | - | - |
| **IV. РЕЗЕРВИ** | | **123,301,712** | **95,452,669** |
| 1. Законски резерви | | 123,301,712 | 95,452,669 |
| 2. Статутарни резерви | | - | - |
| 3. Резерви за сопствени акции | | - | - |
| 4. Откупени сопствени акции | | - | - |
| 5 Останати резерви | | - | - |
| **V. НЕРАСПРЕДЕЛЕНА НЕТО ДОБИВКА** | | - | 52,649,828 |
| **VI. ПРЕНЕСЕНА ЗАГУБА** | | - | - |
| **VII. ДОБИВКА ЗА ТЕКОВНИОТ ПРЕСМЕТКОВЕН ПЕРИОД** | | 146,484,703 | 83,547,129 |
| **VIII. ЗАГУБА ЗА ТЕКОВНИОТ ПРЕСМЕТКОВЕН ПЕРИОД** | | - | - |
| **Б. СУБОРДИНИРАНИ ОБВРСКИ** | | - | - |
| **В. БРУТО ТЕХНИЧКИ РЕЗЕРВИ** | 23 | **820,977,629** | **825,116,330** |
| **I.** Бруто резерви за преносни премии | | 290,144,582 | 304,640,804 |
| **II.** Бруто математичка резерва | | - | - |
| **III.** Бруто резерви за штети | | 505,591,586 | 517,190,894 |
| **IV.** Бруто резерви за бонуси и попусти | | 2,241,461 | 3,284,632 |
| **V.** Бруто еквилизациона резерва | | - | - |
| **VI.** Бруто останати технички резерви | | 23,000,000 | - |
| **Г. БРУТО ТЕХНИЧКИ РЕЗЕРВИ ВО ОДНОС НА ДОГОВОРИ КАЈ КОИ ОСИГУРЕНИКОТ ГО ПРЕВЗЕМА ИНВЕСТИЦИСКИОТ РИЗИК** | | - | - |
| **Д. ОСТАНАТИ РЕЗЕРВИ** | 24 | **24,404,817** | **15,767,645** |
| 1. Резерви за вработени | | 23,831,307 | 15,190,921 |
| 2. Останати резерви | | 573,510 | 576,724 |
| **Ѓ.ОДЛОЖЕНИ И ТЕКОВНИ ДАНОЧНИ ОБВРСКИ** | 26 | 15,143,194 | **4,915,919** |
| 1. Одложени даночни обврски | | - | - |
| 2. Тековни даночни обврски | | 15,143,194 | 4,915,919 |
| **Е. ОБВРСКИ КОИ ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД ДЕПОЗИТИ НА ДРУШТВА ЗА РЕОСИГУРУВАЊЕ КАЈ ЦЕДЕНТИ, ПО ОСНОВ НА ДОГОВОРИ ЗА РЕОСИГУРУВАЊЕ** | | | - |
| **Ж. ОБВРСКИ** | 25 | **176,216,557** | **128,610,739** |
| **I. ОБВРСКИ ОД НЕПОСРЕДНИ РАБОТИ НА ОСИГУРУВАЊЕ** | | 25,468 | **-** |
| 1. Обврски спрема осигуреници | | - | - |
| 2. Обврски спрема застапници и посредници | | - | - |
| 3. Останати обврски од непосредни работи на осигурување | | 25,468 | - |
| **II. ОБВРСКИ ОД РАБОТИ НА СООСИГУРУВАЊЕ И РЕОСИГУРУВАЊЕ** | | **38,388,382** | **19,595,999** |
| 1. Обврски по основ на премија за соосигурување и реосигурување | | 38,388,382 | 19,595,999 |
| 2. Обврски по основ на учество во надомест на штети | | - | - |
| 3. Останати обврски од работи на соосигурување и реосигурување | | - | - |

| **ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКА СОСТОЈБА (БИЛАНС НА СОСТОЈБА) (продолжува)** | **Бел.** | **31.12.2025** | **31.12.2024** |
|---|---|---|---|
| **III. ОСТАНАТИ ОБВРСКИ** | | **137,802,707** | **109,014,740** |
| 1. Останати обврски од непосредни работи на осигурување | | 47,356,362 | 52,227,533 |
| 2. Обврски по основ на финансиски вложувања | | 5,874,542 | |
| 3. Останати обврски | | 84,571,803 | 56,787,207 |
| **З. ПАСИВНИ ВРЕМЕНСКИ РАГРАНИЧУВАЊА** | | 173,953 | 173,954 |
| **Ѕ. НЕТЕКОВНИ ОБВРСКИ ВО ВРСКА СО НЕТЕКОВНИ СРЕДСТВА КОИ СЕ ЧУВААТ ЗА ПРОДАЖБА И ПРЕКИНАТИ РАБОТЕЊА** | | - | - |
| **И. ВКУПНА ПАСИВА А+Б+В+Г+Д+Ѓ+Е+Ж+З+Ѕ** | | **1,579,015,519** | **1,478,547,167** |
| **Ј. ВОН-БИЛАНСНА ЕВИДЕНЦИЈА - ПАСИВА** | | 6,498,152 | 6,498,152 |

Белешките вклучени од 16 до 77 страна претставуваат составен дел на финансиските извештаи.

Приложените финансиски извештаи се одобрени за издавање од страна на раководството на Друштвото на 16.03.2026 година

Ралица Губерова
Извршен директор

Биљана Стаменкова Калејска
ВД Директор на Сектор за сметководствено-финансиски работи

**ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ**
**за годината која завршува на 31 декември 2025**
**Во денари (МКД)**

| ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИТЕ ТЕКОВИ | 2025 | 2024 |
|---|---|---|
| **А. ПАРИЧНИ ТЕКОВИ ОД ДЕЛОВНИ АКТИВНОСТИ** | | |
| **I. ПАРИЧНИ ПРИЛИВИ ОД ДЕЛОВНИ АКТИВНОСТИ** | **754,198,289** | **872,923,653** |
| 1. Премија за осигурување и соосигурување и примени аванси | 734,890,982 | 854,789,218 |
| 2. Премија за реосигурување и ретроцесија | - | - |
| 3. Приливи од учество во надомест на штети | 15,847,831 | - |
| 4. Примени камати од работи на осигурување | 765,577 | 1,847,682 |
| 5. Останати приливи од деловни активности | 2,693,899 | 16,286,753 |
| **II. ПАРИЧНИ ОДЛИВИ ОД ДЕЛОВНИ АКТИВНОСТИ** | **653,445,947** | **816,706,189** |
| 1. Исплатени штети, договорени суми на осигурување, учество во надомест на штети од соосигурување и дадени аванси | 230,584,371 | 278,459,729 |
| 2. Исплатени штети и учество во надомест на штети од реосигурување и ретроцесија | - | - |
| 3. Премија за соосигурување, реосигурување и ретроцесија | 44,747,352 | 67,915,308 |
| 4. Надоместоци и други лични расходи | 79,095,677 | 72,954,986 |
| 5. Останати трошоци за спроведување на осигурување | 161,062,090 | 240,206,311 |
| 6. Платени камати | 153,412 | - |
| 7. Данок на добивка и останати јавни давачки | 29,432,699 | 23,475,907 |
| 8. Останати одливи од редовни активности | 108,370,346 | 133,693,948 |
| **III. НЕТО ПАРИЧНИ ПРИЛИВИ ОД ДЕЛОВНИ АКТИВНОСТИ** | **100,752,342** | **56,217,464** |
| **IV. НЕТО ПАРИЧНИ ОДЛИВИ ОД ДЕЛОВНИ АКТИВНОСТИ** | - | **-** |
| **Б. ПАРИЧНИ ТЕКОВИ ОД ВЛОЖУВАЊА** | - | **-** |
| **I. ПАРИЧНИ ПРИЛИВИ ОД ВЛОЖУВАЊА** | **568,369,332** | **359,733,445** |
| 1. Приливи по основ на нематеријални средства | - | - |
| 2. Приливи по основ на материјални средства | - | - |
| 3. Приливи по основ на материјални средства кои не служат за вршење на дејноста на друштвото | - | - |
| 4. Приливи по основ на вложувања во друштва во група – подружници, придружени друштва и заеднички контролирани ентитети | - | - |
| 5. Приливи по основ на вложувања кои се чуваат до достасување | - | - |
| 6. Приливи по основ на останати финансиски пласмани | 539,859,006 | 341,608,479 |
| 7. Приливи од дивиденди и останати учества во добивка | 2,536,272 | 2,150,269 |
| 8. Приливи од камати | 25,974,054 | 15,974,697 |
| **II. ПАРИЧНИ ОДЛИВИ ОД ВЛОЖУВАЊА** | **569,681,636** | **372,077,710** |
| 1. Одливи по основ на нематеријални средства | 2,396,255 | 4,409,329 |
| 2. Одливи по основ на материјални средства | 6,609,879 | 808,938 |
| 3. Одливи по основ на материјални средства кои не служат за вршење на дејноста на друштвото | - | - |
| 4. Одливи по основ на вложувања во друштва во група – подружници, придружени друштва и заеднички контролирани ентитети | - | - |
| 5. Одливи по основ на вложувања кои се чуваат до достасување | - | - |
| 6. Одливи по основ на останати финансиски пласмани | 560,675,502 | 366,859,443 |
| 7. Одливи од дивиденди и останати учества во добивка | - | - |
| 8. Одливи од камати | - | - |
| **III. НЕТО ПАРИЧНИ ПРИЛИВИ ОД ВЛОЖУВАЊА** | - | **-** |
| **IV. НЕТО ПАРИЧНИ ОДЛИВИ ОД ВЛОЖУВАЊА** | **1,312,304** | **12,344,265** |
| **В. ПАРИЧНИ ТЕКОВИ ОД ФИНАНСИСКИ АКТИВНОСТИ** | - | - |
| **I. ПАРИЧНИ ПРИЛИВИ ОД ФИНАНСИСКИ АКТИВНОСТИ** | - | **-** |
| 1. Приливи по основ на зголемување на акционерскиот капитал | - | - |
| 2. Приливи по основ на примени краткорочни и долгорочни кредити и заеми | - | - |
| 3. Приливи по основ на останати долгорочни и краткорочни обврски | - | - |
| **II. ПАРИЧНИ ОДЛИВИ ОД ФИНАНСИСКИ АКТИВНОСТИ** | **108,347,914** | **35,420,930** |
| 1. Одливи по основ на отплата на краткорочни и долгорочни кредити и заеми и останати обврски | - | - |
| 2. Одливи по основ на откуп на сопствени акции | - | - |
| 3. Одливи по основ на исплата на дивиденда | 108,347,914 | 35,420,930 |

| ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИТЕ ТЕКОВИ (продолжува) | 2025 | 2024 |
|---|---|---|
| III. НЕТО ПАРИЧНИ ПРИЛИВИ ОД ФИНАНСИСКИ АКТИВНОСТИ | - | - |
| IV. НЕТО ПАРИЧНИ ОДЛИВИ ОД ФИНАНСИСКИ АКТИВНОСТИ | 108,347,914 | 35,420,930 |
| Г. ВКУПНО ПАРИЧНИ ПРИЛИВИ | 1,322,567,621 | 1,232,657,098 |
| Д. ВКУПНО ПАРИЧНИ ОДЛИВИ | 1,331,475,497 | 1,224,204,829 |
| Ѓ. НЕТО ПАРИЧНИ ПРИЛИВИ | | 8,452,269 |
| Е. НЕТО ПАРИЧНИ ОДЛИВИ | 8,907,876 | - |
| Ж. ПАРИ И ПАРИЧНИ ЕКВИВАЛЕНТИ НА ПОЧЕТОКОТ НА ПРЕСМЕТКОВНИОТ ПЕРИОД | 39,309,754 | 30,857,485 |
| З. ЕФЕКТ ОД ПРОМЕНА НА КУРСОТ НА СТРАНСКИ ВАЛУТИ ВРЗ ПАРИ И ПАРИЧНИ ЕКВИВАЛЕНТИ | - | - |
| Ѕ. ПАРИ И ПАРИЧНИ ЕКВИВАЛЕНТИ НА КРАЈОТ НА ПРЕСМЕТКОВНИОТ ПЕРИОД | 30,401,878 | 39,309,754 |

Белешките вклучени од 16 до 77 страна претставуваат составен дел на финансиските извештаи.

Приложените финансиски извештаи се одобрени за издавање од страна на раководството на Друштвото на 16.03.2026 година.

Ралица Губерова
Извршен директор

Биљана Стаменкова Калејска
ВД Директор на Сектор за сметководствено-финансиски работи

## ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОМЕНИТЕ ВО ГЛАВНИНАТА

| | Акционерски капитал | Премии на емитирани акции | Законски резерви | Нераспределена добивка или (пренесена загуба) | Добивка или (загуба) за тековната година | Вкупно капитал и резерви |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Состојба на 1 јануари претходната деловна година** | **238,122,931** | **34,190,023** | **69,127,754** | **35,420,930** | **78,974,743** | **455,836,381** |
| Промена во сметководствените политики | - | - | - | - | - | - |
| Исправка на грешки во претходниот период | - | - | - | - | - | - |
| **Состојба на 1 јануари претходната деловна година - исправено** | **238,122,931** | **34,190,023** | **69,127,754** | **35,420,930** | **78,974,743** | **455,836,381** |
| **Добивка или загуба за претходната деловна година** | - | - | - | - | **83,547,129** | **83,547,129** |
| Добивка или загуба за претходната деловна година | - | - | - | - | 83,547,129 | 83,547,129 |
| **Несопственички промени во капиталот** | - | - | - | - | - | - |
| Нереализирани добивки/загуби од материјални средства | - | - | - | - | - | - |
| Нереализирани добивки/загуби од финансиски вложувања расположливи за продажба | - | - | - | - | - | - |
| Реализирани добивки/загуби од финансиски вложувања расположливи за продажба | - | - | - | - | - | - |
| Останати несопственички промени во капиталот | - | - | - | - | - | |
| **Сопственички промени во капиталот** | **-** | **-** | **26,324,915** | **17,228,898** | **(78,974,743)** | **(35,420,930)** |
| Зголемување/намалување на акционерскиот капитал | - | - | - | - | - | - |
| Останати уплати од страна на сопствениците | - | - | - | - | - | - |
| Исплата на дивиденда | - | - | - | (35,420,930) | - | (35,420,930) |
| Останата распределба на сопствениците | - | - | 26,324,915 | 52,649,828 | (78,974,743) | - |
| **Состојба на 31 декември претходната деловна година** | **238,122,931** | **34,190,023** | **95,452,669** | **52,649,828** | **83,547,129** | **503,962,580** |

## ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОМЕНИТЕ ВО ГЛАВНИНАТА (продолжува)

| | Акционерски капитал | Премии на емитирани акции | Законски резерви | Нераспределена добивка или (пренесена загуба) | Добивка или (загуба) за тековната година | Вкупно капитал и резерви |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Состојба на 1 јануари тековната деловна година** | **238,122,931** | **34,190,023** | **95,452,669** | **52,649,828** | **83,547,129** | **503,962,580** |
| Промена во сметководствените политики | - | - | - | - | - | - |
| Исправка на грешки во претходниот период | - | - | - | - | - | - |
| **Состојба на 1 јануари тековната деловна година - исправено** | - | - | - | - | - | - |
| **Добивка или загуба за тековната деловна година** | - | - | - | - | **146,484,703** | **146,484,703** |
| Добивка или загуба за тековната деловна година | - | - | - | - | 146,484,703 | 146,484,703 |
| **Несопственички промени во капиталот** | - | - | - | - | | |
| Нереализирани добивки/загуби од материјални средства | - | - | - | - | - | - |
| Нереализирани добивки/загуби од финансиски вложувања расположливи за продажба | - | - | - | - | - | - |
| Реализирани добивки/загуби од финансиски вложувања расположливи за продажба | - | - | - | - | - | - |
| Останати несопственички промени во капиталот | - | - | | | | |
| **Сопственички промени во капиталот** | - | - | **27,849,043** | **(52,649,828)** | **(83,547,129)** | **(108,347,914)** |
| Зголемување/намалување на акционерскиот капитал | - | - | - | - | - | - |
| Останати уплати од страна на сопствениците | - | - | - | - | - | - |
| Исплата на дивиденда | - | - | - | (108,347,914) | - | (108,347,914) |
| Останата распределба на сопствениците | - | - | 27,849,043 | 55,698,089 | (83,547,129) | |
| **Состојба на 31 декември тековната деловна година** | **238,122,931** | **34,190,023** | **123,301,712** | **-** | **146,484,703** | 542,099,369 |

Белешките вклучени од 16 до 77 страна претставуваат составен дел на финансиските извештаи.

Приложените финансиски извештаи се одобрени за издавање од страна на раководството на Друштвото на 16.03.2026 година.

Ралица Губерова
Извршен директор

Биљана Стаменкова Калејска
ВД Директор на Сектор за сметководствено финансиски работи